Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 16/2022
Дата: ......12-01-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20 ), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Теарце се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на установи од секундарна здравствена заштита: поликлиники, клиники и амбуланти од специјалистичка медицина и стоматологија, лаборатори и сл., на КП 70 и КП 72, КО Лешок, општина Теарце.**
Површината на планскиот опфат изнесува 0.18 Ха
Предметниот опфат навлегува во III-та заштитна зона на изворот Рашче .
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. У34221** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на установи од секундарна здравствена заштита: поликлиники, клиники и амбуланти од специјалистичка медицина и стоматологија, лаборатори и сл., на КП 70 и КП 72, КО Лешок, општина Теарце, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на установи од секундарна здравствена заштита: поликлиники, клиники и амбуланти од специјалистичка медицина и стоматологија, лаборатори и сл., на КП 70 и КП 72, КО Лешок, општина Теарце, потребно е да се почитуваат одредбите


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.

5. Согласно студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот План на Република Македонија, мал дел од просторот кој е предмет на разработка за изградба установи од секундарна здравствена заштита: поликлиники, клиники и амбуланти од специјалистичка медицина и стоматологија, лаборатори и сл., на КП 70 и КП 72, КО Лешок, општина Теарце, навлегува во предложен за заштита Национачлен Парк Шар Планина. Националниот Парк Шар Планина е прогласен во 2021 година, согласно Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален Парк ( Сл. весник на РСМ, бр. 151/2021).

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на установи од секундарна здравствена заштита: поликлиники, клиники и амбуланти од специјалистичка медицина и стоматологија, лаборатори и сл., на КП 70 и КП 72, КО Лешок, општина Теарце, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Теарце, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 39038 од 02.11.2021 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на установи од секундарна здравствена заштита: поликлиники, клиники и амбуланти од специјалистичка медицина и стоматологија, лаборатори и сл., на КП 70 и КП 72, КО Лешок, општина Теарце.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на установи од секундарна здравствена заштита: поликлиники, клиники и амбуланти од специјалистичка медицина и стоматологија, лаборатори и сл., на КП 70 и КП 72, КО Лешок, општина Теарце и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 16/2022 од 03.01.2022 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на установи од секундарна здравствена заштита: поликлиники, клиники и амбуланти од специјалистичка медицина и стоматологија, лаборатори и сл., на КП 70 и КП 72, КО Лешок,** општина